Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 11, 19 септември 2008 година

септември 2008
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (помлад асистент/асистент) по предметот Трудово право и други сродни правни дисциплини на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник по предмети од областа *граѓанско право* на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 6

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *геологија*, по предметите Палеонтологија и стратиграфија, Геотехнички објекти 1, Рекламација и рекултивација на земјиштето и предметите од Катедрата за геологија и геофизика на Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент / асистент по предметот Казнено право и други сродни правни дициплини на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (асистент/помлад асистент) по предметите Основи на економијата, Применета економија и други сродни наставно -научни дисциплини на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 13

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (помлад асистент/асистент) по предметите Меѓународно јавно право и Право на Европската унија на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 18

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот *„Механизација во градинарството и цвеќарството”,* од проф. д-р Ристе Кукутанов од Земјоделски факултет - Струмица и асс. м-р Иле Цанев од Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје ........ 21

Издавач
Универзитет „Гоце Делчев” – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК (ПОМЛАД АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ) ПО ПРЕДМЕТОТ ТРУДОВО ПРАВО И ДРУГИ СРОДНИ ПРАВНИ ДИСЦИПЛИНИ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, на седницата одржана на 21 август 2008 година, донесе Одлука (бр. 1602-86) за формирање на Рецензентската комисија за избор на ***соработник (помлад асистент/асистент)*** по предметот ***Трудово право*** на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“, во состав: д-р Стеван Алексоски – редовен професор (претседател), д-р Ванче Стојчев – вонреден професор (член) и д-р Љупчо Блажевски – доцент (член).

По разгледувањето на приложените материјали и преземените активности, согласно Законот за високото образование и актите на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Рецензентската комисија го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот конкурс во весникот „Дневник“, објавен на 9 јули 2008 година, за избор на помлад асистент/асистент по предметите **Трудово право, Основи на економија** и **Применета економија** се пријавија кандидатите: **м-р Андон Мајхошев, м-р Илија Груевски, Емануела Ефремовска** и **Сузана Нешкова.**

Врз основа на Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“, Рецензентската комисија ги разгледа пристигнатите документи и констатира дека кандидатите навремено доставиле пријава со потребните документи во предвидениот рок утврден во конкурсот.

Кандидатките Емануела Ефремовска и Сузана Нешкова, иако ги имаат положено испитите на постдипломските студии, за жал, сè уште не се стекнале со академското звање магистер. Според тоа, сметаме дека кандидатките не ги исполнуваат законските услови за избор во соработничко звање на Правниот факултет. Од формално-правни причини, Комисијата не ги доставува на увид нивните податоци.

Според објавениот конкурс, условите во целост ги исполнуваат двајца кандидати: **м-р Илија Груевски** и **м-р Андон В. Мајхошев.**

Комисијата детално ја проучи пријавата на кандидатот м-р Илија Груевски и ја утврди следнава состојба.

Кандидатот м-р Илија Груевски ги има исполнето сите услови за соработничко звање. Во академската 2004/ 2005 година се запишува на постдипломски студии на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на насоката Финансиски менаџмент, а предвидените испити ги положува со просечна оценка 9,78 и притоа се стекнува со академското звање - *магистер на економски науки*. Рецензентската комисија изгради став да им предложи на членовите на Наставно-научниот совет на Правниот факултет кандидатот м-р Илија Груевски поради неговата поголема стручност во доменот на предметите Основи на економија и Применета економија, да биде избран во соработничко звање по тие предмети и други сродни економско-правни дисциплини.

Пријавата на кандидатот м-р Андон В. Мајхошев ја проучивме и ја утврдивме следнава состојба.

**Биографски податоци**

Кандидатот **м-р Андон В. Мајхошев** е роден на 2 февруари 1961 година во Штип, каде што го завршува основното и средното образование. Во 1984 година дипломира на Факултетот за политички науки во Белград.

По дипломирањето работи во Синдикатот на ТК Македонка, како одборник во Собранието на Општина Штип, како претседател на ССМ - Регионална синдикална организација Штип и Пробиштип, учествува во работата на проектот за унапредување на локалниот економски развој на Македонија во локалниот тим PRISMA - Штип, а од 2007 година активно се занимава со решавање на спорови со медијација.

Во учебната 2006/07 година се запишува на постдипломски студии на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, каде дипломира на 3 јули 2008 година на тема *,,Функционирањето на Економско-социјалниот совет во Република Македонија во периодот 1997-2007 година“* и се стекнува со академски степен магистер по политички науки.

**Стручна и издавачка дејност**

Кандидатот м-р Андон В. Мајхошев одлично го владее англискиот јазик - за што има приложено диплома. Исто така, во 2003 година го положува со успех испитот за овластен стечаен управник и се стекнува со сертификат од Министерството за правда на Република Македонија, а во 2004 година добива сертификат за усовршување на медијацијата од страна на Канадскиот институт за решавање на конфликти (за наведените сертификати нема приложено заверени примероци на нотар).

Кандидатот Андон В. Мајхошев активно учествува на неколку меѓународни конференции: во Атина во 1996 година, во Белград во 2005 година, во 2006 година на Меѓународна конференција за развој на медијацијата во земјите од Југоисточна Европа во Скопје, во 2003 година во Анкара зема учество на Меѓународен семинар за синдикатите во пазарната економија.

Во 2007 година учествува на Меѓународната конференција во Котор на тема *,,Правна заштита на вработените во мултинационалните компании“.*

Во 2001 година Мајхошев е на студиски престој во САД каде се стекнува со сертификат од Global Education Services за тренинг на локални синдикални лидери.

Кандидатот м-р Андон В. Мајхошев е плоден автор, кој има напишано и објавено три книги, а во фаза на печатење е неговиот магистерски труд на тема *,,Функционирањето на Економско-социјалниот совет во Република Македонија во периодот 1997-2007 година“.*

До Комисијата има доставено по еден примерок од неговите објавени книги *,,Црна книга - проблеми, барања и иницијативи на граѓаните на Општина Штип“,* објавена во 2005 година, *,,Штрајковите како социјален феномен (Штрајковите во Источна Македонија во периодот од 1980 до 2005 година)“,* објавена во 2006 година и книгата *,,Синдикатот во политичките процеси“,* објавена во 2007 година.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на гореизложеното, Рецензентската комисија едногласно му дава предност на кандидатот м-р Андон В. Мајхошев пред другите кандидати кои учествуваа на конкурсот за соработници од областа на Трудовото право и другите сродни дисциплини.

М-р Андон В. Мајхошев има постигнато забележителен успех на постдипломските студии, го има стекнато потребниот академски степен за предметите од областа на трудовото право, како автор има солидна издавачката дејност, активно учествува на поголем број Меѓународни конференции од областа на правната заштита на вработените, има студиски престој во САД, учествува во проекти за зголемување на вработеноста и унапредување на локалниот економски развој во Македонија, има искуство во решавањето на спорови со медијација, но за жал нема искуство во образовниот процес.

Неговиот досегашен работен ангажман како синдикален лидер, тренер на локални синдикални лидери и медијатор на спорови е во насока на правната заштита на вработените во компаниите, што подразбира добро владеење на трудовото право и сродните правни дисциплини и затоа сметаме дека таквите компентенции и квалитети ќе му овозможат на кандидатот успешно да ја реализира наставната дејност, односно успешно да ја спои теоријата со практиката.

Неговото досегашно додипломско и постдипломско образование целосно соодветствува со потребните компетенции коишто треба да ги има како соработник по предметот Трудово право и сродни предмети кои се предвидени во студиската програма на Правниот факултет во Кочани.

Поради наведеното во извештајот и констатациите во заклучокот, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“, **м-р Андон В. Мајхошев** да го избере во **помлад асистент** по **предметот Трудовото право** и други сродни правни дисциплини.

**Рецензентска комисија**

**Д-р Стеван Алексоски - редовен професор, претседател с.р.**

**Д-р Ванче Стојчев - вонреден професор, член, с.р**

**Доц. д-р Љупчо Блажевски, член, с.р**